УДК. 75.046.035.1(497.7)



Мирјана М. МАШНИЌ

# ИКОНИ ОД САМОКОВСКИ ЗОГРАФ НА НОВИОТ ИКОНОСТАС ОД КАРПИНСКИОТ МАНАСТИР ВОВЕДЕНИЕ НА БОГОРОДИЦА

*Предмет на овој текст е новиот иконостас од Карпинскиот манастир, поточно иконописот на три престолни икони и две наддверија, чиј автор е еден од постарите зографи од познатата Самоковска школа. Иако името на зографот не е идентификувано, истражувањата покажале дека тој е современик на основоположникот на оваа школа Христо Димитров. Делата настанале во 1813 и 1814 година.*

Во недостиг од пишани извори, минатото на Карпинскиот манастир е преполно со непознаници. Поединечните сознанија што доаѓаа од повремените истражувања само делумно ја разоткриваа неговата историја, што било предизвик повеќе речиси секогаш да е во фокусот на истражувачите.[1]

Реткиот архитектонски тип на црквата Воведение на Богородица со триконхален наос и издолжена припрата од западната страна, кој хронолошки се сместува широко во XVI век, продолжил да опстојува и низ целиот XIX век, кога црквата добила не само ново ѕидно сликарство туку и нов иконостас (1892).

Новиот иконостас од Карпинскиот манастир сé до денес остана во сенката на исклучително вредниот и подолго време истражуван стар иконостас.[2] Освен еден инцидентен осврт на наддверието од влезот во проскомидијата со претставата на Исус Христос Недремано око[3], новиот иконостас не е споменуван во речиси ниеден друг контекст.

Новата иконостасна конструкција претставува едноставна и без уметнички претензии столарска изведба, поставена во 1892 година пред гредната конструкција на стариот иконостас. Конструкцијата има два ката[4] и странични крила што се потпирале на јужниот и на северниот ѕид, по углед на иконостасите од XIX век.[5] На новиот иконос-

[1] Манастирот се наоѓа во атарот на с. Орах, на патот Куманово-Крива Паланка. Повеќе за историјата на манастирот, в. најновата студија на М. М. Машниќ, *Ѕидното сликарство од Карпинскиот манастир Воведение на Богородица и неговите тематско-иконографски особености*, Patrimonium.MK 7-8/2010, Скопје 2010, 305-329, со постара цитирана литература.

[2] Иако потекнува од XIX век, називот „нов иконостас“ е условен од постариот иконостас кој е од времето на подигањето на црквата и чии делови паралелно опстојувале до наше време. За стариот иконостас прв аналитички текст дава З. Расолкоска-Николовска, *Иконостас Карпинског манастира*, Зборник за ликовне уметности МС 16, Нови Сад 1980, 297-289 (= Иста-та, *L'iconostase du monastère de Karpino*, Actes du XVe Congrès International d'Etudes Byzantines, Athènes 1976, Art et archéologie, II, Communications, Athènes 1981, 665-678). По вторпат стариот иконостас стана предмет на истражувањата со конзерваторските работи на некои негови сликани делови, в. М. М. Машнић, *Стари иконостас Карпинског манастира Ваведење Богородице*, Зборник радова IV, Ниш и Византија, Ниш 2006, 365-383; М. М. Машниќ, *Три прилози за проучување на иконописни дела од поствизантискиот период*, Зборник за средновековна уметност на Музејот на Македонија 5, Скопје 2006 (за Карпино 121-137).

[3] Како интересен иконографски примерок го споменува М. М. Машниќ, *Наддверие со композицијата „Недремано око“ од манастирот Богородица Пречиста Кичевска*, Зборник за средновековна уметност на Музејот на Македонија, Нова серија Бр. 1, Скопје 1993, 159-162.

[4] Врз престолниот ред е поставен носач со 12 интерколумнии, во кои биле сместени седум зачувани празнични икони од стариот иконостас и четири икони од XIX век, чија идентификација е отежната поради темните наслојки од саѓи и нечистотија. Подоцна празничните икони од стариот иконостас се демонтирани (в. заб. 7). На празничниот носач денес останале три икони од XIX в., а останатите места се исполнети со повеќе литографски икони.

[5] На јужното крило на долната рамка од иконата Св. Јо-




*Сл. 1 Делови од новиот (фото) и стариот иконостас (графички приказ). Состојба пред демонтирањето на Големиот крст, празничните икони и Царските двери.*

тас се поставени икони со различито стилско потекло, според утврдена програма која со текот на времето претрпела извесни измени.[6] Сега, гледано концепциски и иконографски, тоа била хронолошки и стилски компилативна целина составена од икони од стариот иконостас од крајот на XVI и првата деценија на XVII век[7] и икони од 1813 и 1814 година (две престолни икони - *Богородица со дете* и *Исус Христос Вседржител* и две наддверија - *Исус Христос Недремано око,* над влезот во проскомидијата и *Деисис* со Христос Велик Архијереј, над централниот премин), поставени на челниот дел од иконостасот.[8] На страничните крила на кои имало по две интерколумнии се поставени престолни икони (св. Јован Крстител, XIX в. и Св. Троица Новозаветна, 1813 г. од јужната страна, и св. Кирил и Методиј, 1920 г. и Воведение на Богородица, 1920 г.[9] од северната страна (**сл. 1**).

ван Крстител е запишан приложнички текст: Прïложнйкъ Трайко Стоѧновъ ѡт село Орахъ.

[6] Тоа се однесува на старите престолни икони од северното крило, кои во 1920 година добиле ново сликарство од задната страна на дрвените носачи.

[7] Како што е познато, стариот иконостас бил трикатен (З. Расолкоска-Николовска, *Иконостас*, 297-289) Од старите делови на новиот иконостас во функција се наоѓале *царските двери,* седум *празнични икони* и *Голем крст* (Крст, подножје и две странични икони). Подоцна тие се симнати од иконостасот и над нив се извршени конзерваторско-реставраторски работи, по што добиле статус на музејски предмети. Како целина тие се презентирани во Галеријата на икони во старата црква Св. Никола во Куманово. Претходно, уште пред Втора светска војна, на иконостасот се наоѓале уште *деисисна плоча* и еден тесен фриз со тема *„Пророците те навестија“,* кои меѓу 1935-1940 година, во акцијата за спасување на црковните уметнички предмети биле дислоцирани од манастирот и се чувале во некогашниот Црковен музеј во Скопје (Прв каталог за поставката, в. С. Радојчић, *Сӣарине Црквеноӷ музеја у Скоӣљу*, Скопље 1941, 70-71). Денеска овие антологиски примероци припаѓаат на постојаната Збирка на икони на Музејот на Македонија (В. Поповска Коробар, *Икони од Музејот на Македонија*, Скопје 2004, каталошка обработка 53 и 55; постои претпоставка дека и иконата со каталошка обработка 54 му припаѓала на карпинскиот иконостас).

[8] Освен сликани наддверија, на челниот дел од иконостасот се наоѓаат уште два столарски изрежани корнизи поставени над престолните икони. На првиот корниз, со големи букви е испишан текст: АЗЪ ЕСМЪ, а долу годината 1892; на вториот корниз реченицата продолжува со: ЛОЗА ИСТИНАѦ, а долу, авгꙋстъ 30. („Јас сум вистинската лоза“, Јован 15:1)

[9] Двете икони од 1920 г. се дело на иконописецот Трајко Муфтински (1895-1963) од Куманово, а се насликани од задната страна на старите икони. Заедничка-



**Богородица Одигитрија** (ОДИГИТРЇѦ)
дим: 98,5x69x2 см; ев. бр. 22762.
***Натписи***:
покрај ликот на Богородица МНР ѲѴ
покрај ликот на Христос IC XC
покрај ликот на архангелот лево С АРХАГГЛЪ МИХАИЛЪ
покрај ликот на архангелот десно С АРХАГГЛЪ ГАВРЬЛЪ
текст на свитокот на Христос:
ДХ҃Ъ ГС҃ДИЪ НАМ/НИЬ ЄГѠ´ ЖЄ РАДИ ПОМАЗАМѦ
(Ис. 61, 1) и (Лк. 4, 18)
*Приложнички текст* (десно од Христос):
СІѦ ИКО́НА/ПРИЛОЖИ АѲАНАСЪ Ѿ ГЮГѦНЦЫ
ЗА Д҃ȣШЄ́ВНОЄ ЄГѠ` СПА СЄ́НЇЄ ,АѾГІ 1813 лєт.
изгравирано име на опковот од десната рака на Исус Христос: АПОСТОЛЪ ДИМОВЪ ЖѦРТЄВЪ
Флорална и геометриска орнаментика на посребрените ореоли и на десната рака на Богородица изведени во техника на исчукување и гравирање.

На вратата од северниот премин е насликан архангел Михаил во цел раст (XIX век).
За време на последните конзерваторски истражувања на ѕидното сликарство (2009) страничните крила од иконостасот се демонтирани/отстранети заради откривање на оригиналниот живопис, така што новиот иконостас е сведен на челно позиционираните икони.
Истражувачкиот интерес за новиот иконостас произлезе од една иконописна целина што ја сочинуваат пет дела, чии тематско-иконографски посебности и авторска атрибуција не биле забележани во науката.[10] Тоа се две челно поставени престолни икони, две надверија, како и престолната икона св. Троица од јужното странично крило на иконостасот. Наведените икони се дела на еден зограф, чие име не е запишано со потпис. Според првичните согледувања на стилските особености, авторот на овие дела произлегол од една мошне експонирана сликарска работилница, позната како „Самоковска сликарска школа“.

Иконата **Богородица со дете** е поставена северно од царските двери. Грчкиот епитет Одигитрија е испишан со црковнословенски букви во тантелест картуш од левата страна на нејзината глава. Иконографската схема на претставата е традиционална. Полуфигурата на Богородица е поставена фронтално, со глава малку приклонета кон детето што го држи на левата рака, додека со десната покажува кон него, со погледот вперен нанапред. Христос дете со десната рака ја благословува Богородица, а во левата придржува свиток, отворен пред него, на кој е испишан текст „Духот на Господа Бога е на мене“ (Ис. 61, 1).[11] Лево и десно од главата на Богородица врз облаци коленичат мали фигури на архангелите Михаил и Гаврил, кои со едната рака ги придржуваат кружниците со нејзините сигнатури, а со другата, круната од отворен тип врз нејзината глава. Круната е прекриена со ореол/опков, на кој, исто така, е означена круната. Сликаните ореоли на Богородица и Христос под опковите се украсени со пунцирани кружни мотиви. Богородица има темносин фустан над кој е бордо-црвен мафорион со зелена постава, бордиран со декоративна лента. Христос е облечен во зелен хитон и светлоцрвен химатион. Ангелите носат златни куси и долги зелени туники врз кои имаат долга кафено-црвена (М) односно светлоцрвена (Г) наметка. Задницата

та претстава на св. Кирил и Методиј е насликана на платно и каширана на стара икона со издолжена форма, на која, од некогашната предна страна се зачувани минимални остатоци од златна заднина и отпечаток од ореол. Станува збор за житијна икона на неидентификуван светител во цел раст, насликан во централниот дел на иконата, додека по широките рабни страни течеле сцени од неговото житие. Иконата не била дел од стариот иконостас туку, најверојатно, претставувала проскинитарна икона. Воведението на Богородица е насликано на престолната икона од стариот иконостас на која, од некогашната предна страна се зачувани остатоци од живопис на Богородица и неколку пророци (тема „Пророците те навестија“), в. М.М.Машниќ, *Ѕидното сликарство од Карпинскиот манастир,* 308.

[10] Според програмата на Националниот конзерваторски центар Скопје, во 2011 г. новиот иконостас стана предмет на конзерваторски истражувања.

[11] Текстот според пророштвото на Исаиј го пренесува и евангелистот Лука (4, 18).



**Исус Христос Седржител (ВСЕДЕР/ЖИТЕЛЪ)**
дим.: 96,5x73x2,5 см; ев. бр. 22761.
*Натписи:*
во кружниците покрај Исус Христос **ІИС ХС**
текстот од евангелието на Христос:
**Азъ ѐсмь свѣ/тъ мирꙋ хо/дѧй по мнѣ/ не иматъ хо/дити во тмѣ/но иматъ/светъ живо́/тни и/ Научите сѧ/ѿ мене ꙗко/кротъкъ ѐсмъ/и́ смиренъ/срдцемъ и ѡб/рѧщете поко́/и д́ꙋш амъ/вашымъ.**
(Јован, 8:12)
*Приложнички текст* (лево од Христос):
**сїѧ ико́на/приложи/ траѧнъ ле/пановъ ѿ/ страцынъ за дꙋше/вное его/ спасе́нїе ҂аѿгі.**
Флорална и геометриска орнаментика на ореолот и на десната рака на Христос изведена во техника на исчукување и гравирање

е сина. Сите натписи и записи се испишани со бела боја. Врз ореолите и десната рака на Богородица и на Христос се наоѓаат вотивни опкови.

Јужно од царските двери е поставена иконата **Исус Христос,** чиј црковнословенски епитет Вседржител, е испишан во два тантелести картуша, лево и десно од полуфигурата. Христос е претставен во седечка положба, што е навестено преку наборите од химатионот. Со десната рака благословува, додека во левата држи отворен кодекс со текст според Јован, односно Матеј (8,12; Мт.11,29). Врз пурпурниот хитон украсен со златни флорални мотиви има син химатион. Најблиски аналогии на оваа икона се иконите Исус Христос Вседржител од црквата Архангел Михаил во Костенец (1813) и Христос Вседржител од иконостасот на црквата Покров Богородичен во Рилскиот манастир (меѓу 1805 и 1811), дела на Христо Димитров. Тоа се гледа особено во начинот на драпирањето на хитонот и химатионот, во стилот на украсувањето на пурпурниот хитон со златни флорални мотиви истакнати само на осветлените места, во идентичноста на цитираниот текст од евангелието, висината на издигнатата рака, тантелестиот картуш, итн.[12]

Третата престолна икона **Св. Новозаветни Троица** била поставена на јужното крило, зад иконата на св. Јован Крстител.[13] Иконографијата е речиси вообичаена за оваа тема. Во небесните сфери седат полусвртени еден кон друг Бог Отец и Бог Син, а над нив лебди Светиот Дух во вид на гулаб, трето лице на Света Троица. Седнатиот Бог Отец во левата рака држи жезол, а со десната го благословува Синот, кој седи десно од него, со кодекс во левата рака, потпрен на колено и со десната рака во благослов. Под нивните нозе се вжарени крилести обрачи - престоли, зад нив ѕиркаат херувими, а горе лебдат шестокрили серафими. Сферата/космосот е поместена одзади, а не во средиштето на композицијата поради правоаголниот формат на иконата. Во горниот дел се воздигнува Светиот Дух во црвен обрач фатен со лак од облаци. Иконографската предлошка заедно со начинот на испишувањето на натписот со темнокафеава боја се преземени од ѕидното сликарство од припратата на црквата Богородица Осеновица во Рилскиот манастир (1794), чиј автор е Христо Димитров, со мали иконографски отстапувања.[14] Врз Христовиот полукружен ореол е аплициран полукружен опков, а врз главата на Бог Саваот триаголен опков.
Воочливите сребрени опкови врз ореолите и рацете на престолните икони се украсени со богата флорална орнаментика, која се состои од комбинација на растителни мотиви (лозичка, цвет) со ретки појави на ситен геометриски мотив во техника на исчукување и врежување. Опковот како вообичаена практика на византиските средновековни златари ќе биде прифатена како правило од

---

[12] Автор на двете дела е Христо Димитров, сп. Е. Попова, *Зографът Христо Димитров от Самоков*, София 2001, сл.101, сл. XXV.
[13] Иконата св. Јован Крстител е дело на еден друг зограф од XIX век.
[14] Таму Христстос наместо кодекс држи крст, а на сферата меѓу Богот Саваот и Христос се насликани Сонцето, Месечината и ѕвездите, како симболи на светот. Сп. *Истото*, 41сл. III.



**Света Троица СТ҃ИѦ ТР҃ОЦА**
дим.: 96x67x3 см; ев.бр.22765.
Флорална и геометриска орнаментика на тркалезниот и триаголниот ореол изведена во техника на исчукување и гравирање.

самоковската зографска школа, со што кувенциската изработка на сребрените опкови, како посебна вредност на уметничките занаети, ќе стане нивни препознатлив знак.

Во рамките на програмската концепција на новиот карпински иконостас се вклучени и две сликани наддверија со темите Христос Недремано око и Деисис со Христос Велик Архијереј. Идејното решение на тематската програма со наддверијата ја продолжува концепцијата на поствизантиските иконостаси, во чии решенија преовладува идејата за искупителната улога на овоплотениот Христос.[15]

Наддверието со **Исус Христос Недремано око** е поставено над северниот премин од иконостасот. Црковно-словенскиот натпис „Со векови заспаниот Господ" е испишан лево и десно од главата на младиот Христос. Иконографијата на оваа прастара тема на карпинскиот иконостас е мошне ретка, бидејќи Христос не лежи на душек, што е почеста иконографска варијанта, туку седи на раскошен престол со главата потпрена на десната рака, додека левата е спуштена на коленото, а нозете се положени на подножник.[16] Тој е во придружба на Богородица и ангел.

Христос има жолтеникав хитон украсен со цветна орнаментика и жолтеникаво-црвен химатион, кој преку рамената му паѓа на бедрата и му ги покрива нозете (сл**. 2**). Златниот престол на кој седи има извиени, растителни барокни форми со зелен наслон и темноцрвена долга перница на седиштето. Престолот го чуваат четири црвени херувими, поставени два зад наслонот и два меѓу ногалките. Од левата страна Богородица со двете раце го лади Младенецот со еден вид знаменце (ладало/flabellum), на чија црвена подлога е насликан крст. Од десната страна ангелот му приоѓа со крст, копје и копје со сунѓер, кои претставуваат орудија на идното Христово мачеништво, неговата телесна смрт и неговото воскресение.

Христос Недремано око најчесто се слика на едно од наддверијата, кои поради издолжената форма се најпогодни за целосно да ја прифатат иконографијата. Не е прецизирано на кое од наддверијата треба да стои оваа тема. Со оглед на нејзината евхаристична суштина на себепринесувањето како жртва за спас на човечкиот род, се чини дека е сосема оправдано да биде над влезот во протезисот. Еден зачуван пример на ваква програмска концепција е забележан на иконостасот од 30-тите години на XVII век во параклисот Св. Јован Претеча во Арбанаси,[17] како и во манастирската црква Св. Никола во с. Слепче, Прилепско (1665)[18] или во манастирската црква Св. Ѓорѓи Победоносец во Рајчица (XIX в.),[19] што е во согласност со симболиката на тој дел од олтарскиот простор, каде што се подготвува светата причест.[20] Сепак, многубројни се примерите во кои оваа композиција зазема место над централниот премин. Денес, во таква зачувана позиција се среќава на иконостасот од Слимничкиот манастир (XVII век),[21]

---

[15] За семантиката на иконостасните теми пошироко в. И. Гергова, *Образният свят на българските иконостаси от XVI-XVIII век,* Изкуство 5, София 1984, 35-40, 52. Истата, *Ранният български иконостас 16-18 век* София 1993, 51-52.

[16] Уште еден примерок со ваква иконографска предлошка наоѓаме на едно наддверие од Бобошевскиот манастир Св. Димитриј (денес во Националната галерија во Софија), сп. И. Гергова, *Ранният български иконостас*, 104, сл. 51.

[17] Параклисот се наоѓа во црквата Рождество Христово во Арбанаси, в. И. Гергова, *Ранният български иконостас*, 97, сл. 33.

[18] Н. Митревски, *Манастирот Слепче кај Прилеп*, Прилеп 2001, 112.

[19] Од личните теренски истражувања.

[20] М. М. Машниќ, *Наддверие со композицијата „Недремано око"*, 160, заб. 7, заб. 8, сл. 2.

[21] М.М.Машниќ, *Иконостасот од Слимничкиот манастир Света Богородица*, Македонско наследство,



**Наддверие со Исус Христос Недремано око** **ѕвѣ̈ѕю ѕници гди**
Дим.: 88x43(33)x4 см; ев. бр. 23386.
*Приложнички текст*: **сїѧ ико́на приложи/ їанко и паѵле ѿ хран/ковцы** 1814 ҂аѿді.

на иконостасот во црквата Св. апостоли Петар и Павле во Сирогојно, Србија (1764)[22] итн.

Недремано око како иконографски тип на Христос, кој „бдее над светот со отворени очи и кога спие“[23] навлегла уште од раниот XIV век во иконографските програми на олтарските прегради на црквите, под влијание на монашките теолози од Хиландар. Солунските сликари што работеле за кралот Милутин ќе ја внесат во црквата Св. Никита во Чучер, каде што оваа тема се наоѓа на фреската од челната страна на јужниот столбец од околу 1320 г.[24] Во црквата во Беренде е насликана во олтарот над проскомидијата.[25] Религиозно-симболичната суштина на Христовото вечно страдање особено ќе биде исползувана во првата половина на XVIII век, во периодот на ранобарокната епоха, со што е потенцирана постарата симболика на оваа литературно-ликовна тема за вечно будната Христова љубов.[26]

Темата Исус Христос Недремано око е во најчеста врска со Деисисот, со која прави една тематско-иконографска целина.

Наддверието со **Деисис** е поставено над централниот премин. Во централниот дел од композицијата е претставен Христос **Цар и Велики Архијереј,** кој седи на престол со подигната десна рака во знак на проштевање во име на човештвото, опкружен со Богородица и св. Јован Крстител свртени кон него. Со левата рака на коленото придржува отворен кодекс на кој е испишан текст: „Дојдете кај мене сите што сте уморни/ обременети, јас ќе ве успокојам; земете го мојот јарем на себе [и научите од мене...] (Матеј 11.28-30). Христос седи на престолот врз долга темноцрвена перница со нозе положени врз подножник. Престолот е речиси идентичен на оној на кој седи Христос Недремано око. Зад престолот стојат архангелите Михаил и Гаврил и два херувими кои ѕиркаат лево и десно од наслонот, а во долниот дел престолот го држат девет небесни престоли во вид на крилести црвени тркала. Христос е облечен во пурпурен и со злато дезениран архијерејски сакос врз кој има долг омофор. Како знак на царското достоинство носи лорос, чиј еден крај од десниот бок преку предната страна му паѓа врз левата рака. Околу вратот носи медалјон со крст. Врз главата има отворена круна, а не круна од типот камелавкион, што е во духот на барокните разбирања (сл. **3**). Богородица е претставена во хитон и мафорион,

---

Списание за археологија, историја, историја на уметноста и етнологија), год. II, бр. 5 , Скопје 1997, 89-105.

[22] Иконостасот е дело на Симеон Лазовиќ, еден од најголемите српски зографи од XVIII век, сп. Зорица Златић-Ивковић, *Црква Светих апостола Петра и Павла у Сирогојну*, Издавач, 2004.

[23] За развојот на Недремано око и иконографијата со попис на стара литература в. B. Todic, *Anapeson, Iconographie et signification du theme*, Byzantion LXIV, Bruxelles 1994,134-165.

[24] S. Rakić, *Ikone Bosne i Hercegovine (16-19. vijek),* Beograd 1998, 38.

[25] Е. Бакалова, *Стенописите на църквата при с. Беренде*, София 1976, 19, сл. 3.

[26] М Тимотијевић, *Српско барокно сликарство,* Нови сад, 321-322.



*Сл. 2 Исус Христос Недремано око, детаљ*

Изборот на оваа тема е поврзан со богослужбата во храмот. На местото каде што свештеникот ги причестува верниците, тие го гледаат ликот на Христос Цар и Велики Архијереј, кој самиот ја востановил евхаристијата.[28]

Темата Деисис со Христос Цар и Велики Архијереј е речиси редовно присутна на наддверијата на иконостасите од поствизантискиот период, и тоа над централниот премин, како во црквата Св. Никола во Ореоечкиот манастир (1595)[29] или на споменатите иконостаси во Арбанаси,[30] во Св. Никола во с. Слепче, Прилепско[31] итн.

Кога наведените икони на самоковскиот мајстор ќе се соберат во една целина, изненадува присуството на третата престолна икона св. Троица Новозаветна, која ако била нарачана за стариот иконостас, за неа на него немало место. Оттука, оправдано се наметнува прашањето дали трите икони биле сликани за некој друг храм посветен на св. Троица. Причината за ваквата претпоставка произлегува од фактот што престолните икони и наддверијата сликани од овој зограф се датирани во 1813 и 1814 година, а новиот иконостас е поставен во 1892 година и е правен според димензиите на овие икони и според зголемениот број на иконите што требало да бидат поставени на иконостасот, а што влијаело тој да се прошири со странични крила. Ако, пак, иконите се изработе-

со отворена круна на главата. Во левата рака држи развиен свиток на кој се испишани зборови што му ги упатила на синот. Крилестиот Јован Крстител е облечен во долг кострет од камилско влакно, врз кој има долга наметка. И тој во левата рака држи развиен свиток на кој се испишани зборови упатени кон Христос.

Архијерејската облека на Христос произлегува од пророчко-месијанскиот Псалм 110,4 („Ти си свештеник, довека, по редот Мелхиседеков!“)[27]

---

[27] Во Стариот завет Мелхиседек се спомнува во Првата Мојсеева книга - Битие (14:18)), и Псалмите Давидови (110:4). По враќањето на Аврам од ропство, Мелхиседек го поздравил со леб и вино, го благословил и примил десетина од вредностите одземени како плен од непријателот. Нивната средба изгледа била на местото каде што подоцна бил изграден Ерусалим. Во Новиот завет Мелхиседек се споменува со голема почит, како некој што немал не само земски татко и мајка, туку како некој чии предци и наследници немаат почеток ниту крај, слично на Синот Божји, така што тој останува свештеник засекогаш.

Бидејќи самиот Исус Христос Велики Архијереј ги благословува и осветува предложените дарови, тој, идеалниот свештеник по редот на Мелхиседек ја завршува светата тајна на евхаристијата, тој принесува, тој се принесува и тој го прима во наднебесниот жртвеник (Л. Мирковић, Православна литургика, други посебни део, Београд 1982, 103; Е. Чарвић, Архијереј по реду Мелхиседекову, Богословље XVII (XXXII), Београд 1973, 17-42; XVIII (XXXIII), 1974, 22-24, 37-42; Догматика православне цркве II (протосинђел Јустин) Београд 1980, 417-419, 424-427.

[28] Поширoко за оваа тема во студиите на Ц. Грозданов, *Исус Христос - Цар над царевите во живописот на Охридската архиепископија од XV-XVII век; Една варијанта на претставата на Христос Цар над царевите и Голем Архијереј во поствизантиската уметност* (според примерите од Охридската архиепископија), in, Живописот на Охридската архиепископија - студии, Скопје 2007, 333-357, 359-377.

[29] М. М. Машниќ, *Иконостасот од Ореоечкиот манастир Свети Никола*, Тематски зборник на трудови 1. (икони, иконопис, иконостас, иконографија), Скопје 1996, 29-57.

[30] И. Гергова, *Ранният,* сл. 33. Иконографијата на оваа композиција е мошне блиска на карпинскиот примерок.

[31] Н. Митревски, *Манастир Слепче*, сл. 47.



**Наддверие со Деисис**
Дим.: 76x43,5(33)x3,5 см; ев. бр. 23385.

Текст на кодексот: **прїидите/ко мнѣ/вси тр҄ꙋ/ждающїї/исѧ не ѡ/бремене/нїи и ázъ/оу҆покóю/ви возм/ите иго/ мое҆ нa/себѣ** (Матеј 11.28-30)
текст на свитокот на Богородица: **гс҃ди іис҃е/христе/прїими҆/ м҃лтвы/ м҃тере/ твоеѧ҆/ млѧцї҆ꙋ/ юсѧ те/бѣ ѡ людех҆.**
текст на свитокот на Јован Крстител: **гс҃ди б҃же/агнце/ б҃жїи҆ п/рїими/ молит/в҆ꙋ кре/ стите/лѧ тво/егѡ.**
Приложнички текст: **сїѧ҆ икóна приложи҆/ милéнко, ѿ гюгѧнцы/ за д҆ꙋшéвное егѡ сп/асéнїе· ҂аѿді** 1814.

ни за карпинскиот иконостас поради оштетените стари престолни икони, тогаш има можност за уште една претпоставка, дека постоела намера за нова дедикација на манастирската црква (Св. Троица), што е помалку прифатливо, со оглед на силниот култ на Богородица.
На двете престолни икони и на двете наддверија се идентификувани ктиторски/вотивни записи, кои претставуваат историска потврда за големиот интерес на побожните имотни верници, кои преку приложување средства за изработка на црковни уметнички предмети, сакале да ги овековечат своите имиња. Покрај верата импонирал и проверениот мајстор иконописец, кој веројатно бил препорачан од црковните власти. Дали иконите биле порано насликани, а натписите подоцна додавани сега е малку важно, но годината сигнирана во вотивниот текст има драгоцена вредност за ситуирање на времето во кое творел зографот. Сите записи се испишани педантно и со ист ракопис.

Ктитор на иконата Богородица Одигитрија е извесен **Атанас од Ѓуѓанце**[32]„за неговото (лично) спасение"1813. Ктитор на иконата Исус Христос Вседржител е **Трајан Лепанов**[33] од блиското село **Страцин** „за неговото (лично) спасение"1813. Ктитори на наддверието со Христос Недремано око се **Јанко и Павле од Ранковци**, село во непосредна близина на Карпинскиот манастир. Не е кажано во какво сродство биле двајцата ктитори, освен што им се споменуваат имињата, а кои можеле да бидат и индивидуални дарители. Годината на запишаниот текст е 1814. Ктитор на наддверието со Деисис е Миленко од **Ѓуѓанци** „за неговото (лично) спасение"1814. И да заклучиме дека верници од повеќе села биле заслужни за сликањето на овие уметнички дела.

[32] Ѓуѓанце (Горно и Долно), село кое денес спаѓа во општина Свети Николе.

[33] Во еден од ктиторските натписи испишани на ѕидното сликарство на западната галерија на црквата Св. Димитриј во Страцин (1888) се споменува извесен Иван Лепеанов, бивш епитроп на црквата. Можеби станува збор за истото семејство од Страцин чии членови биле побожни и сесрдни приложници на црквата.




*Сл. 3 Исус Христос Цар и Велики Архиереј, детаљ*

(1810 - 1853).[34] Судејќи според „карпинскиот" зограф, голема е веројатноста дека внатре во кругот се наоѓале и други зографи чии имиња уште не се идентификувани. Врз основа на годините (1813 и 1814) што ги запишал авторот на карпинските икони на вотивните текстови, заклучуваме дека тој е современик на Христо Димитров, можеби и негова „десна рака". Како самостоен иконописец, тој е откриен/забележан само на неколку икони во Македонија. Станува збор за веќе наведените карпински икони, потоа, за престолната икона на Богородица од Кучевишкиот манастир Св. Архангели,[35] за две икони од црквата Св. Петка во Пезово (Архангел Михаил и св. Петка)[36] и за три икони од Лесновскиот манастир[37] (сл. **4**).

Забележано е уште името на **Апостол Димов Цартев**, изгравирано/пунцирано на опковот врз раката на Христос дете од иконата на Богородица Одигитрија. Тешко е да се заклучи дали станува збор за име на дарител или за име на автор, изработувач на овој суптилен и мошне значаен занает, кој си допуштил своето име да го соопшти на десната рака на малиот Христос, како знак на благодарност за вештината што му ја подарил Господ. „Карпинскиот" иконописец, чие име засега е непознато, има самостоен стил што може да се издвои по повеќе елементи, покрај општите места што се карактеристични за сликарскиот круг на кој му припаѓал. Во науката се речиси темелно разгледани сликарските опуси на членовите на самоковските зографи, кои потекнуваат од родот Доспевски, не само на територијата на Бугарија, туку и во североисточните делови на Македонија и Србија, каде што биле ангажирани, почнувајќи од основоположникот на овој круг Христо Димитров (1746/50 - 1819), преку неговите синови Димитар Христов (1796 - 1860) и Захариј Доспевски

[34] За самоковските сликари в.: А Василиев, *Български взрожденски майстори*, София 1965, 313-358; Е. Попова, *Зографът Христо Димитров от Самоков*, София 2001; Истата, *Иконите на Димитар Христов во Македонија*, Зборник за средновековна уметност на Музејот на Македонија 3, Скопје 2001, 215-221; В. Поповска Коробар, *Бележшки за неизвесни икони от зографите Христо Димитров и Димитар Христов в Македония*, Проблеми на изкуство 1, София 2005, 44-50; А Куюмджиев, *Новооткрити творби на самоковски зографи в черквата „Света Троица"* в с. Извор (Босилеградско), Паметници. Реставрация. Музеи, кн. 3, София 2004, 4-9; И. Зарић, *Иконостас цркве Свете Тројице у Извору код Босилеграда*, Зборник Матице српске за ликовну уметност 37, Нови Сад 2009, 221-247.

[35] Иконостасот бил предмет на анализа на А. Серафимова, *Престолните икони во Кучевишките Свети Архангели*, Зборник за средновековна уметност 4, Скопје 2003, 53 (=Кучевишки манастир Св. Архангели, Скопје 2005, 225-228), каде што точно е идентификувана стилската група на самоковскиот сликарски круг.

[36] *Икони од Кумановско во црквата Св. Никола во Куманово* (автори на концепцијата и каталогот : В. Поповска - Коробар, Ј. Зисоска), Куманово 2000, 44-45, каде што за првпат се публикувани, а А. Серафимова ги припишува на истиот зограф од Самоковската школа.

[37] В. Поповска Коробар го идентификуваше основоположникот на Самоковската сликарска школа Христо Димитров, како автор на иконостасните икони (В. Поповска Коробар, *Лесновски манастир Св. Архангел Михаил и Св. Гаврил Лесновски*, (Каталог, Музеј на





*Сл. 4. а. Карпино, б. Лесново*

Што е тоа што на карпинските икони им дава препознатливост на зографска школа, а што е авторска посебност? Изразитиот графицизам и отсуството на сликарската моделација се, пред сé, карактеристики својствени само за „карпинскиот“ иконописец, наспроти сликарските квалитети што ги имал неговиот современик Христо Димитров. Втората карактеристика се широко отворените очи и здрвениот поглед, кои заедно со издолженото лице, правилниот нос и тенките, со црвенило потенцирани усни, се вклучуваат во дефинираните иконографски предлошки на школата, тргнувајќи од облиците до деталите. Истите, понатаму мошне успешно ќе ги пренесува Димитар, најстариот син на Христо.

Иконографијата на развиен свиток во скутот на малиот Христос е детаљ што го негува самоковската школа, па ќе го сретнеме на кучевишката икона на Богородица со епитет Милостива[38] (сл. **5**), но и на иконата Богородица Одигитриа од лесновскиот иконостас, дело на Христо Димитров,[39] на иконата Богородица Одигитриа од иконостасот во Извор (Босилеград), дело на Димитар Христов,[40] како и на иконата на Богородица од црквата Св. Пантелејмон во Велес[41] или на иконата на Богородица Одигитрија од Пловдивската митрополија од 1837 г., дело на Захариј Зограф.[42] Понатаму, мотивот на цветниот дезен на хитонот на Христос Недремано око од карпинското наддверие се повторува на кучевишката икона Богородица Милостива. И драпирањето во вид на триаго-



*Сл. 4. в. Пезово*

---

Македонија), Скопје 2000, 40, сл 35), а А. Серафимова укажа на присуство на втор зограф, издвојувајќи ја иконата на Христос од Деисисот и на уште две одделни икони што се чуваат во Лесновскиот манастир (А. Серафимова, *Престолните икони,* 57).

38 Иконите од кучевишкиот иконостас, заедно со иконата на Богородица А. Серафимова ги датира во периодот помеѓу 1843 и 1846 А. Серафимова, *Престолните икони во Кучевишките Свети Архангели*, Зборник за средновековна уметност 4, Скопје 2003, 53

39 В. Поповска Коробар, *Лесновски манастир,* 35.

40 И. Зариħ, *Иконостас цркве Свете Тројице,* 231, 232.

41 А Василиев, *Български,* 327, сл. 211.

42 Исто, 355, сл.220. Иконата потекнува од црквата Св. Петка Стара во Пловдив, в. *Зографии Захариеви у Фи-*



*Сл. 5 а. Карпино, б. Кучевиште*

лен мотив на химатионот од предната лева страна на Христовите гради е манир на сите самоковски сликари. Ако се гледа во детали, треба да се укаже на примената на триаголните декоративни бисерни апликации по бордираната лента на Христовиот хитон и химатион (Карпино, Лесново) (сл. **6**).

Кај „карпинскиот“ иконописец се впечатливи тантелести картуши во кои се испишувани епитетите на Богородица и Исус Христос, а кои се забележливи кај Христо Димитров[43] и Димитар Христов.[44] И на крајот, по „карпинскиот“ зограф може да се трага и врз основа на начинот на испишувањето на буквите **ꙗ**, **д**, **х**, **ѧ**, **ү**, **є** и др., што може да се воочи врз текстовите од книгите на Христос од иконата во Карпино и деисисната икона во Лесново, на пр. (сл. **7**).

В. Поповска-Коробар, една од врвните истражувачи на опусот на самоковските зографи во Македонија, особено на Христо Димитров и син му Димитар Христов, со право заклучува дека се евидентни уметничките влијанија на овие зографи врз неколку македонски зографи од првата четвртина на 19 век, меѓу кои ги споменува Теодосиј зограф од Велес, кој сликал во црквата Успение на Богородица во Штипско Ново Село во 1813 г., Крсте од Велес, чие најрано дело засега е од 1815 г. и на други анонимни мајстори.[45] Тоа се однесува на присуството на светогорскиот модернизиран / барокизиран сликарски манир што го применувале овие зографи под директно влијание на стилот на Христо Димитров, кој се базира врз неговото светогорско искуство.[46]

„Карпинскиот“ зограф самоковец, чие име засега останува истражувачки предизвик, претставува незаобиколна и неодминлива уметничка појава во кругот на една етаблирана фамилијарна зографска реалност, одамна воочена и валоризирана во историско-уметничката наука.

---

*либе, Изложба по повод 150 години от смъртта на Захарий Зограф 1853-2003*, Пловдив 2002, 12.

[43] Иконата од иконостасот на црквата Богородичиниот покров, Рилски манастир, меѓу 1805-1011, денес во Националната художествена уметничка галерија, Софија, в. Е. Попова, *Зографът,* сл. XXV.

[44] И. Зариќ, *Иконостас цркве*, 232.

[45] В. Поповска-Коробар, *Зографите Крсте од Велес и Крсте Поп Трајанович,* Прилози XXXIII 1, МАНУ, Скопје 2002, 87-102 (со постара литература); Истата, *Бележки*, 46-47.

[46] Исто.



*Сл. 6 а. Карпино, б. Лесново, в. Лесново*



*Сл. 7 а. Карпино, б. Лесново*

* Фото: М.М. Машниќ, В. Кипријановски, компјутерска обработка на сл.1 диа И. Иљовски.

Mirjana M. MAŠNIĆ

# ICONS FROM A PAINTER FROM SAMOKOV ON THE NEW ICONOSTASIS AT THE MONASTERY OF PRESENTATION OF THE VIGIN IN KARPINO

*Summary*

The monastery of Karpino dedicated to Presentation of the Virgin in the village Orah is established in the region of Staro Nagoričane and is well known in science owing to the three leveled iconostasis, as well as the icons from the 16$^{th}$ and the 17$^{th}$ centuries which are museum exhibits. This paper refers to the theme and the iconographic model of the new iconostasis, specifically to the attached five icons. The icons were painted in the period from 1813 and 1814, and represent a totality from an unknown painter which comes from the highly praised painting school of Samokov.

The construction of the simple two stories iconostasis in 1892 was made of a front beam secured from the old iconostasis with icons of different periods and style. From the concept of the previous iconostasis beside the five icons made by the painter from Samokov the new iconostasis from Karpino has works from an unknown masters from the 19$^{th}$ century, as well as works belonging to the old iconostasis. During our time we observed a diverse unit comprised with the Great Cross (cross, base and side icons), Royal Doors and seven Feast icons (this section is restored and exhibited in the church of St.Nicholas in Kumanovo), as well as the Deesis panel (with images of apostles) and the plate "The Prophets from Above" that were placed over the Despotic icons (the second unit was dislocated prior to World War II, and now is part of permanent exhibition in the Museum of Macedonia). The construction of new iconostasis had two side wings and two inter-columns which were removed during the conservation works on the painting. The north wing had the Despotic icon of "The Prophet from Above" belonging to the original iconostasis. As result of the damage, on the back side of the original painting in 1920 the Presentation of the Virgin was painted; next to it was placed and icon with unknown dedication, which probably was set on a special stand and was a hagiographic one. On the back side of this icon in 1920 were painted images of Sts. Cyril and Methodius. The author of the painting from 1920 was Trajko Muftinski from the town of Kumanovo. Housed on the south wing was the icon of St. John the Baptist (19$^{th}$ century) and the acknowledged icon of Holy Trinity of the New Testament from (1813) by the Samokov master. Painted on the door of the proskomidy were Archangel Michael and three Feast icons (Visitation, Doubting Thomas and an unidentified theme).

The five icons painted by the Samokov master are the Despotic icons portraying the Virgin Hodegetria, Jesus Christ Pantocrator and the Holy Trinity of the New Testament, as well as the two panels, one with Jesus Christ the Watching Eye (Anapeson), and the Deesis with Christ the Great Priest. These works correspond to stylistic and the theme-iconography as a whole. The program concept of the new Karpino iconostasis with the icon of Holy Trinity of the New Testament gives a suggestion the icons were painted for this temple, or for some temple dedicated to the Holy Trinity. The reason for this assumption is the fact that the Despotic icons by this painter were made in 1813 and 1814, while the new iconostasis was placed in 1892 and was constructed according to the enlarged number of icons mounded on the iconostasis which expand with side wings. Having in mind that the icons were commissioned for the old iconostasis as result of the damaged Despotic icons, there was no space for the third icon. In addition, if the icons were commissioned for the Karpino iconostasis it must have been restored in the second decade of the 19$^{th}$ century, and a possible issue is the dedication of the monastery to the Holy Trinity, in view of the fact of the existence of the cult of the Virgin.

Two painted panels were included in the concept of the iconostasis of Karpino one with the images of Jesus Christ the Watching Eye (Anapeson), and the Deesis with Christ as King and Great Priest. The theme of the panels endured the concept for the immense role of the incarnation of Christ in the Post Byzantine

iconostasis .The silver revetments covering the halos and the hands embellished with rich floral decoration in the technique of hammering and incision enhanced the significance of the Despotic icons. Dedication inscriptions from the villages of Gjugjance, Stracin and Rankovce have two of the Despotic icons and the panels.

The author of the painting in "Karpino" at present time remains unknown, but is distinct with his style and elements that are acknowledged for the painting school he comes from. The occurrence of this author shows that the painting school from Samokov has still unidentified authors. According to the years 1813 and 1814, we believe this author was contemporary to Hristo Dimitrov, possibly his "right hand". As an individual painter this author is noted on few icons in Macedonia. His work is found on the Despotic icon in the monastery of the Holy Archangels at Kučevište, two icons in the church St. Petka (Paraskevy) at Pezovo (Archangel Michael and St.Petka), and three icons in the monastery of Lesnovo.

This author from "Karpino" is distinguished by graphic approach and lack of modulation, different from distinct features for the contemporary author Hristo Dimitrov from the painting school of Samokov. The second qualities of this painting are the wide open eyes and rigid view, at the same time the elongated face, normal nose, emphasized thin red lips, as well as the firm attributes of the school in the forms and details. These features were passed down quite well by Dimitar, the oldest son Hirsto.

The painting school from Samokov for many decades in the activity had nourishes its features. This refers to the open scroll in the lap of the infant Christ, the floral decoration of the chiton of Christ, the manner of the chiton and himation of Jesus Christ , as well as the forms and details, like the lace shaped cartouche, and appearance of letters.

The Baroque manner of the Samokov painters had a strong impact on several artists in Macedonia like Teodosij Zograf and Krste from Veles. The name of the artist in "Karpino" is not yet identified, however the search in frames of the well established works in the painting school of Samokov will continue.